# ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА

- Законот за управување со пакување и отпад од пакување
- Законот за проширена одговорност на прозиводителот за управување со посебните текови на отпад


ЛИПКОВО
КУМАНОВО
КРИВА ПАЛАНКА
КРАТОВО
ТЕТОВО
САРАЈ
СКОПЈЕ
ИЛИНДЕН
М. КАМЕНИЦА
БРВЕНИЦА
БОГОВИЊЕ
ВРАПЧИШТЕ
СОПИШТЕ
ПРОБИШТИП
КОЧАНИ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ГОСТИВАР
ВИНИЦА
ПЕХЧЕВО
ШТИП
МАВРОВО И РОСТУШЕ
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
МАКЕДОНСКИ БРОД
ГРАДСКО
КИЧЕВО
ДОЛНЕНИ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КРУШЕВО
НОВО СЕЛО
КАВАДАРЦИ
ДЕМИР КАПИЈА
ВАЛАНДОВО
ДЕМИР ХИСАР
ПРИЛЕП
СТРУГА
БОГДАНЦИ
ДОЈРАН
ОХРИД
РЕСЕН
ГЕВГЕЛИЈА
БИТОЛА

Почитувани,

Посебна чест ни е да Ви го претставиме нашиот Водич за практична примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Свесни за значајните промени што влегуваат во сила, во овој Водич кратко ќе Ви ги презентираме најбитните измени со цел колку што е можно поподготвено заедно да се адаптираме на новите законски барања. Вистински предизвик е во водич да се анализираат два обемни закона, но со оглед на фактот што најголем број од Вас се запознаени со деценискто функционирање на „Пакомак", во водичот, пред сè, акцентот ќе биде ставен на клучните измени што Ве засегаат Вас како производители.

Само со доследно, професионално, одговорно и трудољубиво однесување може да ја продолжиме успешната приказна на „Пакомак" и во согласност со домашното право, европските регулативи и најдобрата практика да го намалиме на минимум негативното влијание на отпадот од амбалажа врз животната средина, да промовираме одговорен однос на компаниите кон отпадот од амбалажа и со тоа да овозможиме поквалитетен живот за сите.

Извршен директор на „Пакомак" д.о.о. Скопје

Филип Ивановски



# СОДРЖИНА

**1. ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ** ........ 11

1.1 Централни начела во законот ........ 11

1.2 Што е пакување и кои видови пакувања постојат ........ 12

1.3 Пуштање пакување на пазар ........ 13

1.4 Барања во однос на составот на пакувањето ........ 14

1.5 Што со пластичните кеси за носење стока и пластичното пакување за еднократна употреба? ........ 14

1.6 Кои се вашите обврски во врска со означувањето на пакувањето? ........ 16

1.7 Треба да се регистрирате ........ 17

1.8 Каква евиденција треба да водите? ........ 17

1.9 Кои се вашите обврски ако сте трговец? ........ 18

1.10 Национални цели ........ 19

1.11 Кои се обврските за финансирање за производителите ........ 21

1.12 Надоместок за управување со отпад од пакување ........ 22

1.13 Обврски на градоначалникот ........ 23

1.14 Прекршочни санкции ........ 24

**2. ЗАКОН ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД**.........29

2.1 Кои се целите што треба да се постигнат со законот: .....29

2.2 Начелата врз кои е граден Законот.........31

2.2.1 Начело на проширена одговорност на производителот......... 31

2.2.2 Начело загадувачот плаќа ......... 31

2.2.3 Начело на спречување на нелојална зелена конкуренција........ 31

2.2.4 Начело на крајна одговорност на производителот.........32

2.2.5 Начело на  претпазливост и начело на предвидливост .........32

2.3 Запишете се во регистарот на производители со проширена одговорност .........32

2.4 Кои се трите опции за остварување на проширената одговорност:.........33

2.5 Како докажувате дека ја остварувате проширената одговорност?......... 34

2.6 Дали може да ги остварувате обврските за проширена одговорност со склучување договори со повеќе колективни  постапувачи? ......... 34

2.7 Дали „Пакомак“ д.о.о. Скопје го врши самостојно исполнувањето на обврските за управување со отпадот од пакување? ......... 34

2.8 Солидарна одговорност! Дополнителната причина поради која е посебно важно да направите мудар избор на колективен постапувач со отпад од пакување............35

2.9 Финансирање на работата на колективните постапувачи...36

2.10 Како ги пријавувате количините отпад кај колективниот постапувач? ..........................................................................................37

2.11 Минимални надоместоци, плаќање и последици ............38

2.12 Компаративен преглед на надоместоците на „Пакомак“ д.о.о. Скопје и колективните постапувачи од други земји во Европа ........................................................................................ 40

2.13 Прекршочни санкции ...............................................................41

**3. ПРЕКУ „ПАКОМАК“ ДО ОЗНАКИТЕ „GREEN DOT“ „ECO RESTAURANT“ „ECO CAFE“ И „ ECO ZONE“** .............................. 45

# ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# 1. ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Законот за управување со пакување и отпад од пакување донесен на 15 септември 2021 година е дел од пакетот закони во областа на управувањето со отпадот во согласност со целите за долгорочна заштита на животната средина и воведувањето на концептот на циркуларна економија. 1 Законот е усогласен со Директивата на Европскиот парламент и на Советот 94/62 за пакување и отпад од пакување од 20 декември 1994 година.

Спречување создавање отпад од пакување, намалување и ограничување на употребата на штетни метали и материи во пакување, одделно собирање на отпадот, постигнување високо ниво на повторна употреба, рециклирање и други видови преработка, а со тоа и намалување на депонирањето, се само дел од целите на законот.

## 1.1 Централни начела во законот

Законот ги воведува **началото на одговорност на производителот и начело на процена на животниот циклус на производот**

Според првото начело, производителот кој при вршењето на својата дејност создава и придонесува кон создавање отпад од пакување е одговорен за преземање мерки за управување со пакување и отпад од пакување со цел да се елиминира и намали до крајна мера негативното влијание врз животната средина што настанува како резултат на отпадот од пакување создаден од неговата дејност, вклучувајќи и создавање услови за остварување висок степен на одделно собирање, повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадното пакување. [2]

[1] На седницата бр. 50 на Собранието покрај Законот за управување со пакување и отпад од пакување, беа донесени и Законот за управување со отпадот, Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со дополнителни текови на отпад. Сите закони се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215 од 16.9.2021 година.

[2] Под производител треба да се смета и увозникот на спакувани производи што првпат се пуштаат на пазарот.

Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад го надградува ова начело во начело на проширена одговорност на производителот. [3]

Според второто начело, производителот на пакување е долженда изврши процена на животниот циклус на пакувањето на начин со кој ќе се подобрат еколошките карактеристики на пакувањето, ќе се исклучи или намали присуството на штетните метали и други токсични супстанции во пакувањето, како и да го дизајнира пакувањето на начин што ќе придонесе кон намалување на вкупниот обем на отпад од пакување со цел спречување на негативните влијанија врз животната средина.

## 1.2 Што е пакување и кои видови пакувања постојат

Од аспект на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, како пакување се дефинираат сите производи направени од каков било вид материјал од која било природа што се користат за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање стока од производителот до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоката е суровина или готов производ. Неповратните предмети што се користат за истите цели, исто така, ќе се сметаат за пакување[4].

Пакувањето може да биде:

- **продажно или примарно пакување**, пакување направено на таков начин што претставува единствена единица за крајниот корисник или потрошувачот на местото на продажбата;

- **групно или секундарно пакување**, пакување направено на таков начин што, како група обвиткува или држи заедно поголем број основни продажни единици со продажно пакување од ист или различен вид стока на местото на продажбата, без оглед на тоа дали се продаваат на крајниот корисник или потрошувач како група или се продаваат поединечно по продажна единица или се користат за достава до местото на продажба.

---

[3] Повеќе во дел 2.2.1

[4] Во случај на двојство дали одреден производ се смета за пакување, погледнете ја Листата на илустративни примери за пакувања и критериумите за определување пакување, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.52/201

Притоа, групното пакување може да се отстрани од продажните единици без да се влијае врз неговите карактеристики[5];

- **транспортно или терцијално пакување**, пакување направено на начин со кој се олеснуваат ракувањето и транспортот на продажните единици или групното пакување за да се спречи физичкото оштетување при ракување и транспорт. [6]



1. примарно пакување



2. секундарно пакување



3. терцијално пакување

Правилното разграничување на типот пакување е клучно за изработка на производствена спецификација на производот. **Повеќе во дел 1.8**

## 1.3 Пуштање пакување на пазар

Голем дел од обврските што ги имате како производител [7] настануваат од моментот на пуштање на пакувањето на пазар. Пресметката на националните цели што се однесуваат на собирање, рециклирање и на преработка на отпад од пакување се врши на количините отпад од пакување пуштени на пазар во државата. Финансиските обврски настануваат токму од моментот на пуштање на пакувањето на пазар.

Пуштање пакување на пазар е снабдување или ставање на располагање, преку **производство или увоз**, спакуван производ наменет за консумирање или употреба за **првпат на пазарот** на Република Северна Македонија.

[5]Дефиницијата во целост е во согласност со членот 3 од Директивата на Европскиот парламент и на Советот 94/62 за пакување и отпад од пакување од 20 декември 1994 година

[6] Имајте предвид дека сте должни отпадот од групното или транспортното пакување бесплатно да го примите назад непосредно при доставувањето на стоката, доколку трговецот или крајниот корисник го бараат тоа.

[7] Под производител се смета правно или физичко лице кое пакува стока или полни стока во пакувања, како и произведува или пушта во слободен промет стока спакувана во пакување.

## 1.4 Барања во однос на составот на пакувањето

Република Северна Македонија презеде обврска пакувањето што се произведува и пушта на македонскиот пазар да мора да биде во согласност со европските и со националните стандарди за производство на пакување. [8]

Доколку пакувањата се наменети за повторна употреба, физичките својства и карактеристики треба да овозможат нивна повторна употреба и да се задоволат сите барања во однос на здравствените и безбедносни услови за заштита при работа, како и условите за преработка на пакувањето кога ќе стане отпад.

Во Законот конкретно е забрането вкупното ниво на концентрација на олово, кадмиум, жива и шестовалентен хром (тешки метали) присутно во пакувањето и во неговиот составен материјал или компоненти да надмине 100 ppm од масата на пакувањето.

Имајте предвид дека одредбите од Законот **не исклучуваат примена на барања за квалитет на пакување, како тие што се за безбедност [9], здравствена заштита, хигиена и санитарна заштита на спакуваните производи, како и одредби што се однесуваат на транспорт на производите и на контрола и управување опасен отпад.**

## 1.5 Што со пластичните кеси за носење стока и пластичното пакување за еднократна употреба?

Во согласност со членот 10 од Законот забрането е пуштање пластични кеси за носење стока на пазарот во Република Северна Македонија.

[8] Тоа значи почитување на сите критериуми и методологии за анализа на животниот циклус на пакувањето, методи за мерење и верификација на присуство на тешки метали и други штетни супстанции во пакувањето и нивното испуштање во животната средина од пакувањето и отпадот од пакување, критериуми за минимална содржина на рециклиран материјал за соодветни видови пакување, критериуми за методи на рециклирање, критериуми за методи на правење компост и критериуми за означување пакување.

[9] Пример за тоа е неодамнадонесениот правилник од Агенција за храна и ветеринарство за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 206 од 3.9.2021 година.

Како исклучок може да се пуштат на пазарот **биоразградливи кеси** за носење стока, кои се произведени според строгите стандарди за биоразградливост. Надоместокот што мора да го платат крајните корисници е **15 денари за парче биоразградлива кеса.**

На тој начин се очекува силно да се дестимулира практиката на непотребно купување и користење кеси за носење стока, што е обврска и според членот 4 од Директивата на Европскиот парламент и на Советот 94/62 за пакување и отпад од пакување од 20 декември 1994 година, според кој државите членки се должни да преземат мерки за постигнување одржливо намалување на потрошувачката на пластични кеси за носење, вклучително и преку воведување соодветни економски инструменти.

Средствата што се обезбедуваат од продажбата на биоразградливите кеси трговците се должни, врз основа на квартална евиденција, да ги пренесуваат на посебна сметка отворена за таа намена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Казните за повреда на овие обврски се исклучително високи. [10]

За разлика од претходниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување во новиот е предвидена и **забрана за пуштање пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја во Република Северна Македонија.** [11]

Забраната се однесува само за продажбата во угостителските објекти, а не и за објектите од трговската мрежа.

[10] Така, доколку не се користат биоразградиви кеси, државниот пазарен инспектор може со решение да ги задолжи производителите и трговците да ги повлечат кесите од пазарот. Пуштањето на пазарот пластични кеси спротивно на забраната од законот, неводењето евиденција на квартална основа за бројот на продадени кеси и износот на вкупната сума добиена од надоместот на продадени кеси се казнува со глоба во износ до 140.000 евра

[11] Во согласност со Законот за заштита на природата, заштитено подрачје е географско подрачје со точно дефинирани граници, кое има статус признаен и утврден со закон или друг правен акт и е прогласено за заштитено подрачје заради остварување долгорочна заштита и управување преку преземање правни и други мерки, а со цел постигнување на целите на зачувување на природата, продолжување на функциите на екосистемот и културните вредности поврзани со него.

**Погледнете ја картата на заштитени подрачја** во Република Северна Македонија објавена на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање. [12]

Одредбите од членот 10 ќе почнат да се применуваат од **1 декември 2021 година.**

## 1.6 Кои се вашите обврски во врска со означувањето на пакувањето?

Целта на означувањето на пакувањето е обезбедување наједноставен пристап до информации за природата на материјалот од кој е произведено пакувањето, што на крај ќе ги олесни собирањето, повторната употреба и преработката на пакувањето.

Ознаката на пакувањето мора да биде ј**асно видлива и лесно читлива при продажба и при враќање на пакувањето.** Ознаката мора да биде **издржлива и трајна**, дури и тогаш кога пакувањето е **отворено.**[13] Ознаката треба да биде поставена на самото пакување или на неговата етикета.

Пример на ознаки:




1. полиетилен терефалтат
2. хартија
3. зелено стакло
4. хартија и картон / пластика/ алуминиум

Повеќе за начинот на нумерирање погледнете во Правилникот за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постпување со пакувањето. [14]

[12] https://www.moepp.gov.mk/?page_id=3413

[13] Оттука и поставувањето ознаки за пакување само на групното пакување што се уништува при користењето на производот се смета за неадекватно.

[14] „Службен весник“ бр.62/2010 од 6.5.2010 година.

Другите информации што треба да ги истакнете на пакувањето за храна, а во интерес на обезбедување висока заштита на правата на потрошувачите, детално се наведени во

Внимавајте, доколку не го идентификувате и означите пакувањето со соодветна ознака во согласност со Законот може да се соочите со **висока глоба**. [15]

## 1.7 Треба да се регистрирате

Имате **обврска да се регистрирате** во Министерството за животна средина и просторно планирање како производител што пушта на пазарот спакувана стока.

**Повеќе за оваа обврска видете во дел 2.3.**

## 1.8 Каква евиденција треба да водите?

Должни сте за секој производ да изработите **производствена спецификација.** Производствената спецификација содржи информација за тежината и за видот па примарното, групно и транспортно пакување.

Пример на производствена спецификација

| Ред.бр. | Име на пакуван производ | Вид на пакување | Опис на компонентите на пакувањето | Вид на материјалот за пакување по тежина (во кг.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пластика | Хартија и картон | Метал | Стакло | Древни материјали | Композитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | ВОДА 1,5 лит. ПЕТ | Продажно | шише | 0,048 | | | | | |
| | | | капаче | 0,005 | | | | | |
| | | | етикета | 0,005 | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | Групно * | | | | | | | |
| | | | пакет од пластика (за 6 шишиња) | 0,005 | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | Транспортно ** | картон меѓу редови | | 0,00099206 | | | | |
| | | | стеч фолија | 0,00139 | | | | | |
| | | | неповратна палета | | | | | 0,0297619 | |
| | | | | | | | | | |
| | | | ВКУПНО: | 0,06439 | 0,00099206 | 0 | 0 | 0,0297619 | 0 |

Правилникот за информации поврзани со храната, „Службен весник“ 150/2015 и 241/2020

[15] Глоба во износ од 13.000 до 14.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 25.000 до 28.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 76.000 до 84.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 126.000 до 140.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

Врз основа на така изработената производствена спецификација за секој производ и за количините производи пуштени на пазар треба да изработите **месечна и годишна евиденција** за вкупното пакување што сте го пуштиле на пазарот. [16]

Податоците од месечните евиденции **треба да ги доставите до колективниот постапувач** со цел да ги исполните вашите обврски според Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад. **Повеќе погледнете во дел 2.10.**

Евиденцијата се води во хартиена и електронска форма и треба да се чува најмалку **5 години**, сметано од крајот на календарската година за која се однесува.

**Немате обврска за доставување годишен извештај до Министерство за животна средина и просторно планирање доколку имате склучено договор со колективен постапувач.**[17]

## 1.9 Кои се вашите обврски ако сте трговец?

Ваша обврска е за **спакуваната стока** што ја продавате да обезбедите од производителот од кого е донесена стоката **потврда** издадена од колективниот постапувач дека е платен надомест за управување  пакување и отпад од пакување. **Видете дел 2.5.**

Во спротивно, овластениот инспектор за животна средина ќе ве задолжи да побарате и обезбедите потврда од производителот за постапување со отпадот од пакување.

Со оглед на констатираниот проблем на недоволна вклученост на

[16]Детално проучете го Правилникот за формата и за содржината на образецот на годишниот извештај за видот и за количината на пакувањата што се пуштиле или увезле на пазарот во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување што е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија, како и начинот на кој се води евиденцијата.
[17] Погледнете го дел 2.4.

производителите во колективните системи за управување со отпад, доследното почитување на оваа обврска е само во насока на обезбедување функционирање на пазарот на рамноправна основа и обезбедување еднаква положба на сите производители.

Дополнително, должни сте целиот отпад од пакување што настанува кај вас да го селектирате и да го предадете на собирач или оператор за управување соотпад, кој претставува дел од колективен постапувач. Задолжително треба да имате **транспортен и идентификационен формулар.** [18]

Имате **обврска да склучите договор со колективен постапувач** во времетраење од најмалку една календарска година, во кој ќе ги уредите правата и обврските за предавање на отпадот од пакување преземен или создаден во вашите простории.

## 1.10 Национални цели

Производителите се должни да обезбедат реализација на националните цели што се однесуваат на собирање, рециклирање и на преработка на отпадот од пакување настанат од спакуваните производи пуштени на пазарот во Република Северна Македонија.

Треба да се соберат следниве количини пакувања што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија за да се смета дека се исполнети националните цели, и тоа:

- 55 % за 2021 година;
- 57 % за 2022 година;
- 60 % за 2023 година;
- 65 % за 2024 година;
- 70 % за 2025 година;
- 75 % за 2026 година;
- 80 % за 2027 година;
- 85 % за 2028 година.



[18] Задолжителни формулари при предавање на отпадот во кои се врши евиденција на поседувачот на отпад, податоци за отпадот (опис на отпадот, шифра на отпадот, вкупна количина отпад), вид транспорт, транспортер, краен поседувач на отпад и слично.

До крајот на 2021 година треба да се рециклираат следниве количества материјали од кои се произведува пакувањето:

- 40 % од тежината за стакло;
- 70 % од тежината за хартија и картон;
- 50 % од тежината за железни метали;
- 10 % од тежината на обоени метали;
- 25 % според тежината за пластика, со тоа што се зема предвид само материјалот што е рециклиран назад во пластика;
- 20 % според тежината за дрво

Заради постепено постигнување на целите од Законот, министерот што го раководи органот за животна средина утврдува **годишни национални цели за собирање**, **преработка и за рециклирање на отпадот од пакување** во согласност со планските документи усвоени во согласност со прописите за управување со отпад, најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година.

Националните цели детално се дефинирани во членот 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување. **Националните цели растат секоја година**. Секоја година е неопходен поголем напор за остварување на законските цели. **Само колективни постапувачи што континуирано инвестираат во инфраструктура (контејнери за селективно собирање отпад од пакување и слично) ќе може во ваше име во иднина да ги исполнат националните цели**.

Министерството ќе му ја одземе дозволата на колективниот постапувач со отпад од пакување доколку две години по ред не ги постигне националните цели за повеќе од 5 проценти или доколку од извештајот за спроведен увид се констатира дека не се обезбедува постапување со отпадот во согласност со Законот.

**Повеќе за последиците од нивното неисполнување погледнете во дел 2.8 и 2.9.**

## 1.11 Кои се обврските за финансирање за производителите

За пакувањето што како производител сте го пуштиле на пазарот на територијата на Република Северна Македонија должни сте да обезбедите **финансирање на трошоците** за одделно собирање, привремено чување на отпадот од пакување **најмалку за количината што е соодветна на сопствениот удел во постигнување на минималните национални цели** за собирање, транспорт, третман, преработка, повторна употреба, односно рециклирање и отстранување на остатокот од преработката на отпадното пакување.

Должни сте во согласност со начелата дефинирани во законите за управување со отпад да ги покриете и **трошоците за инвестирање во инфраструктура** за собирање отпад што настанува со употребата на производот за да се обезбеди селекција на секој посебен вид отпад.

Имате обврска да ги покриете и трошоците за комуникација со јавноста, вклучувајќи и трошоци поврзани со споделување информации за крајните корисници [19], **трошоци за финансиска гаранција и трошоци за редовно преземање отпад од пакување.**




**Обврските не се однесуваат само на малите производители.** Тоа се субјекти што на пазарот годишно пуштаат спакувана стока во количини исти или помали од 800 кг стакло, 100 кг пластика, 10 кг пластични кеси, 300 кг хартија, 100 кг метал и 100 кг дрво.

[19] Трошоците се за организирање кампањи за информирање на крајните корисници и за подигање на јавната свест за воспоставените системи за враќање, собирање и за преработка на отпад од пакување, значењето на етикетите и означување на пакувањето, улогата на крајните корисници и нивниот придонес за повторна употреба, преработка и рециклирање на пакувањето и на отпадот од пакување.

**Но, доколку сте мал производител должни сте да поднесете барање за добивање решение за мал производител.**

**Малиот производител за исполнување на обврските според Законот е должен да плаќа паушален надоместок во висина од 6.000 денари на годишно ниво на посебна сметка на буџетот.**

## 1.12 Надоместок за управување со отпад од пакување

Производителите што пуштаат на пазарот спакувана стока од која при користењето се создава отпад од пакување се должни да платат надоместок за управување со отпад од пакување и тоа:

**- 7.400 денари по тон за хартија и дрво и**

**- 9.200 денари по тон за пластика, метал, композит и стакло.**

Надоместокотт се пресметува на нето-тежината на пакувањето што се пушта на пазарот според вид материјал изразено во тони, врз основа на квартална пресметка на посебен образец.

За производите што се извезени и за производите што се уништени по повлекување од пазарот немате обврска за плаќање надоместок.

Обврската за пресметување на надоместокот за производителот настанува во моментот кога спакуваниот производ **првпат** се пушта на пазарот во Република Северна Македонија.

Должни сте да ги уплатите средствата на посебна уплатна сметка и тие се приход на органот за животна средина.

**Ослободени сте од плаќање надоместок кон државата доколку како производител имате склучено договор за преземање обврски за постапување со отпад од пакување со колективен постапувач за постапување со отпад од пакување.**

**Задолжително погледнете го дел 2.4 во врска со трите опции за остварување на проширената одговорност и 2.11 за минимални надоместоци, плаќање и последици.**

## 1.13 Обврски на градоначалникот

Не е можно исполнување на законските цели без соодветна поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа.

Градоначалниците се должни:

- да организираат одделно собирање на отпадот од пакување од домаќинствата;

- да определат и организираат собирни пунктови за одделно собирање на отпадот од пакување од домаќинствата во собирни центри или други привремено определени места за таа намена на целото подрачје на општините каде што крајните корисници ќе можат бесплатно да го оставаат отпадот од пакување од домаќинствата;

- да соработуваат со колективните постапувачи, во согласност со Законот за управување со пакување и отпад од пакување и со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови со отпад.

**Отпадот од пакување што е одделно собран на определените места [20] задолжително се предава на колективен постапувач со отпад од пакување, бесплатно, врз основа на склучен договор со општината.**

Само со целосна вклученост на општините и со доследно почитување на законските обврски може да се очекува исполнување на националните цели дефинирани во Законот. [21]

[20] При определување на местата и на локациите на собирните центри треба да се земе предвид бројот на жителите во населеното место. Собирните центри ги вклучуваат и постојните места и локации за прием на одделно собрани фракции комунален отпад.

[21] Градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје се должни договорот со колективниот постапувач да го направат достапен до јавноста преку објавување на веб-страницата на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје. Градоначалникот е должен најдоцна до 31 март во тековната година да достави до стручниот орган извештај за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорот.

## 1.14 Прекршочни санкции

Инспекциски надзор над примената на Законот за управување со пакување и отпад од пакување врши Државниот инспекторат за животна средина и овластените инспектори за животна средина на општините и на Град Скопје. Дел овластувања има и Државниот пазарен инспекторат, како и комуналните инспектори на општините.
Прекршоците се категоризирани во три категории.
Висината на глобата се движи од **9.000 евра во денарска противвредност до 200.000 евра во денарска противвредност.**

Погледнете ја детално глава VII од законот.
**Предвидените прекршочни санкции се сериозно заострени.**

# „ПАКОМАК“ СО ОСТВАРЕНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ЦЕЛИ ВО 2020 ГОДИНА И ВО ИДНИНА ОСТАНУВА ВАШИОТ СИГУРЕН ПАРТНЕР

**ПРИЈАВЕН АМБАЛАЖЕН ОТПАД ПУШТЕН НА ПАЗАРОТ ОД КЛИЕНТИТЕ НА „ПАКОМАК“**

**42.090 тона** 2011 год.

**40.557 тона** 2012 год.

**40.753 тона** 2013 год.

**42.008 тона** 2014 год.

**43.833 тона** 2015 год.

**46.141 тон** 2016 год.

**48.700 тона** 2017 год.

**50.270 тона** 2018 год.

**50.537 тона** 2019 год.

**42.547 тона** 2020 год.

„Пакомак“ секоја година остварува позитивни резултати и согласно Законот за управување со отпад од пакување не само што ги остварува туку и ги надминува поставените национални цели. Со ваквите резултати, компанијата ги исполнува условите за работа и им гарантира сигурност на сите клиенти.

**РЕЦИКЛИРАН АМБАЛАЖЕН ОТПАД**

**6.198 тона** 2011 год.
(14.7% од лиценцираните количини)

**7.595 тона** 2012 год.
(18.7% од лиценцираните количини)

**9.302 тона** 2013 год.
(22.8 % од лиценцираните количини)

**11.500 тона** 2014 год.
(27.4% од лиценцираните количини)

**15.567 тона** 2015 год.
(35.5% од лиценцираните количини)

**18.717 тона** 2016 год.
(40.5% од лиценцираните количини)

**22.662 тона** 2017 год.
(46.5 % од лиценцираните количини)

**25.207 тона** 2018 год.
(50.14% од лиценцираните количества)

**28.002 тона** 2019 год.
(55.41% од лиценцираните количини)

**25.761 тон** 2020 год.
(60,1% од лиценцираните количини)

„Пакомак“ континуирано го унапредува своето работење со цел да го задржи и подобри сигурното, ефикасно и пред сè квалитетно бизнис-решение за менаџирање на амбалажниот отпад. Кругот на рециклирање ќе го продолжиме и во 2021 година за да ги постигнеме националните цели и повторно да гарантираме дека Вашата компанија е во согласност со Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

# ЗАКОН ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД

## 2. ЗАКОН ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД

Пред донесувањето на Законот, правилата за функционирање на колективните постапувачи беа регулирани со законите за посебните видови отпад [22].

Меѓутоа искуството од спроведување на претходниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување покажа недостиг од добар механизам за идентификација на производителите што пуштаат на пазарот производи од кои се генерира отпад од пакување, значителен дел од производителите не се вклучени во системот на управување со пакување и отпад од пакување, а, од друга страна, пак, и работата на колективните постапувачи не беше доволно добро регулирана, со посебна слабост во однос на контролата над користењето на средствата.

Сега, за првпат се воспоставува единствен функционален систем за регулирање на обврските што, покрај за наведените три досега познати текови отпад (отпад од пакување, отпад од електрична и од електронска опрема и отпад од батерии и од акумулатори), ќе се однесува и за другите текови како отпадот од текстил, отпад ните автомобилски гуми, отпадните масла и возилата.

### 2.1 Кои се целите што треба да се постигнат со законот:

-Обезбедување **еднакви услови за работа на производителите** што пласираат одделни производи на пазарот со чијашто употреба се создава отпад;

-Обезбедување **собирање максимални количини** отпад и обезбедување повторна употреба и најсовремена преработка и рециклирање на посебните текови отпад, со цел постигнување на националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање, како и постигнување високо ниво на заштита на животната средина и на здравјето на луѓето, во согласност со принципот на одржливост;

[22] Така, претходниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ број 161/2009, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/2016) ги регулираше и прашањата поврзани со проширената одговорност на производителите и функционирањето на колективните постапувачи со отпад од пакување.

-Спречување на влијанието врз животната средина од производите и посебните текови на отпад создадени со нивната употреба и по неа во најголема можна мера, преку **обезбедување висок степен на заштита на животната средина и на здравјето на луѓето** од една страна и обезбедување **непречено функционирање на внатрешниот пазар** преку спречување создавање пречки во слободната размена на производи или нарушување на конкурентноста на внатрешниот пазар обезбедена во согласност со домашното и меѓународно законодавство, од друга страна;

-Обезбедување **еднакви услови за работа на колективните** постапувачи кои ги управуваат посебните текови отпад (во нашиот случај предмет на интерес е отпадот од пакување) преку утврдување **единствени правила и постапки за нивно формирање и работење;**

-Обезбедување транспарентност во работењето на производителите и на колективните постапувачи;

-Обезбедување **точни и ревидирани податоци за количините производи што се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија и за отпадот што се создава со нивната употреба** [23]**,** како и обезбедување нивна достапност со цел да се овозможи професионална средина за работа со соодветен надзор;

-Обезбедување **точни и ревидирани податоци за количината на собраниот, преработен и рециклиран отпад** од пакување и со тоа подобри услуги поврзани со управувањето на отпадот и со зголемување на процентот на негово собирање, преработка и рециклирање што ќе резултира со подобрување на потенцијалот за развој на секторот за управување отпад и

-**Информирање на јавноста и подигнување на јавната свест** за производите и за видот отпад што се создава со нивната употреба, за начинот на кој може граѓаните да се вклучат во управувањето на посебните текови отпад, како и за влијанието на отпадот врз животната средина и здравјето на луѓето.

[23] Според Министерстовот за животна средина и просторно планирање, отпадот од пакување што се создава со употреба на производите пуштени на пазарот во Република Северна Македонија во 2019 година изнесувал вкупно 115.000 тони.

## 2.2 Начелата врз кои е граден Законот

Начелата врз кои е граден Законот се круцијалните принципи преку кои законодавецот ги остарува целите во Законот, а се битни и за правилно толкување на Законот.

### 2.2.1 Начело на проширена одговорност на производителот

**Проширената одговорност** се дефинира како збир на правила и на постапки за производителите кои со вршењето на својата дејност или активност пласираат одделни производи на пазарот со чијашто употреба се создава отпад што припаѓа на посебните текови отпад и со тоа дополнително ја оптоваруваат животната средина поради што имаат обврска да финансираат и преземат дополнителни мерки на грижа за производите по завршувањето на фазата консумирање, како и мерки на управување, кои особено се однесуваат на воспоставување и организирање систем за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови отпад создаден од неговите производи.[24]

### 2.2.2 Начело загадувачот плаќа

Сите настанати трошоци во врска со остварувањето на проширената одговорност се на товар на производителите.

### 2.2.3 Начело на спречување на нелојална зелена конкуренција

Во согласност со законските прописи, **нема да може да учествувате на јавна набавка** доколку не ги спроведувате обврските за проширена одговорност на производителот.

Во согласност со членот 18 од Законот органите на државната и на локалната власт нема да склучат јавна набавка со производител без да достави **потврда** и да докаже дека, најмалку за тековната година, ги спровел во целост обврските за проширена

[24] Ова е во целост во согласност со членот 8, став 1 од Директивата 2008/98 од Европскиот парламент и од Советот за отпад, според кој државите членки може да донесат закони или други мерки со кои ќе осигурат дека секое физичко или правно лице што професионално развива, произведува, преработува, продава или увезува производи ќе биде опфатено со режимот на проширена одговорност на производителот (extended producer responsibility (EPR)).

одговорност во согласност со овој Закон, како и прописите за управување со посебните текови на отпад (тоа што е од посебен интерес за нас е управувањето со пакување и отпад од пакување како посебен тек на отпад).
**На овој начин за прв пат ќе се спречи нелојалната зелена конкуренција при јавните набавки**. Непочитувањето на законските прописи веќе нема да може да биде основа за предност при јавните набавки.

### 2.2.4 Начело на крајна одговорност на производителот

**Ова е една од најзначајните промени.** Како производител имате директна финансиска одговорност доколку колективниот постапувач со кој сте склучиле договор не успее да ги исполни своите обврски. Подетално погледнете во **делот 2.8. Солидарна одговорност.**

### 2.2.5 Начело на претпазливост и начело на предвидливост

Начелата се во насока на земање предвид на сите достапни техники и влијанија врз животната средина, како и обврска за преземање соодветни мерки за отстранување штетни последици врз животната средина доколку може да се претпостави дека може да настанат при управувањето на производите.

## 2.3 Запишете се во регистарот на производители со проширена одговорност

За прв пат се предвидува обврска како производител[25] да се регистрирате кај стручниот орган (Министерството за животна средина и просторно планирање) во рок од 15 дена од почетокот на дејноста.

Рокот за иницијално регистрирање на сите постојни субјекти е најдоцна до **31.3.2022** година. [26]

[25] „Производител“ е лице кое врши дејности или активности со кои за прв пат пушта одделни производи на пазарот во Република Северна Македонија или како краен корисник увезува стока со чијашто употреба се создава отпад од пакување
[26] Глобата во случај на повреда на оваа обврска е категоризирана во I категорија.

Производителите, пак, кои немаат регистрирано седиште или подружница во државата и трговијата ја вршат преку комуникација од далечина се должни да назначат овластен застапник. Министерството редовно ќе го ажурира регистарот со што се прави значително подобрување на транспарентноста, но и на можноста за следење со оглед на фактот што процените од Министерството говорат дека меѓу 30 и 40 проценти од субјектите на македонскиот пазар не ги почитуваат законските обврски во однос на управувањето со отпад од амбалажа [27]. Со регистарот се создава добра основа за подобрување на таа состојба.

## 2.4 Кои се трите опции за остварување на проширената одговорност:

1. **Плаќање надоместок кон државата**, како што е предвидено во Законот за управување со пакување и отпад од пакување,

2. Воспоставување **самостоен систем** или

3. Вклучување во системот на **колективен постапувач**[28] за управување со отпад од пакување.

Задолжително проверете дали колективниот постапувач со кој склучувате договор има важечка дозвола.

**За последиците што може да ги имате од незаконското или неуспешно работење на колективниот постапувач погледнете во 2.2.4 (начело на крајна одговорност на производителот) и 2.8 (солидарна одговорност).**




[27] Страница 91 од Националниот план за управување со отпад на Република Македонија 2020-2026 година (Нацрт-документ за консултација), Скопје 2020 година

[28] „Пакомак" д.о.о. е првиот и најголем колективен постапувач за управување со отпад од пакување. Во средината на 2021 година „Пакомак" д.о.о. има **862 клиенти**.

## 2.5 Како докажувате дека ја остварувате проширената одговорност?

Преку **потврда**, која „Пакомак“ д.о.о. Скопје ви ја издава најдоцна до **20 февруари** во тековната година, со податоци од претходната година.

Законска новина е тоа што **сметководителите** кои ја составуваат годишната завршна сметка на производителите се **должни да ја проверат веродостојноста на податоците** наведени во потврдата (видот и количините отпад од пакување и износот на надоместок што е платен). Потврдите се доказ дека сте ги оствариле законските обврски за наведените количини во нив [29].

## 2.6 Дали може да ги остварувате обврските за проширена одговорност со склучување договори со повеќе колективни постапувачи?

**НЕ**. Законот строго наведува дека производителот може да ги оствари обврските **само со еден колективен постапувач.** Колективниот постапувач во ваше име и за ваша сметка ги исполнува законските цели. Договорот не може да се склучи за период пократок од една фискална година.

**Забрането** е пријавување различни типови отпад кон повеќе колективни постапувачи (стакло кон еден колективен постапувач, хартија кон друг и слично или делење на количините од ист тип отпад).

## 2.7 Дали „Пакомак“ д.о.о. Скопје го врши самостојно исполнувањето на обврските за управување со отпадот од пакување?

**НЕ**. Обврските ги доверува на други правни лица, кои имаат важечка дозвола за управување со отпад (собирање, складирање, транспорт на отпад и слично).

[29] За обврските на трговците да обезбедат потврди од производителите пред да ја продаваат стоката погледнете во делот 1.9.

Обврска на „Пакомак“ д.о.о. Скопје е да води грижа доверувањето на обврските да го прави на транспарентен начин кон субјекти кои ги имаат потребните дозволи за вршење на дејноста во согласност со Законот за управување со отпад.

Дополнително, во Законот е нагласено дека основач на колективен постапувач може да биде само производител, а не и субјекти кои вршат дејности за управување со отпад со што се превенираат можни злоупотреби[30]. Колективниот постапувач мора да докаже дека презема обврска за управување со отпад од пакување од производители кои претставуваат 10 проценти од вкупните количини производи пуштени на пазарот.

## 2.8 Солидарна одговорност! Дополнителната причина поради која е посебно важно да направите мудар избор на колективен постапувач со отпад од пакување

Со склучувањето договор со колективен постапувач не сте ослободени од обврските за проширена одговорност.

Една од суштинските измени е предвидената **солидарна одговорност** на производителите во случај колективниот постапувач да не ги исполнува законските обврски.

Во случај имотот на колективниот постапувач да не е доволен за исполнувањето на сите обврски, **сите производители одговараат солидарно со сопствени средства за исполнување на обврските сразмерно на нивниот удел.**

Солидарната одговорност е предвидена и за плаќањето **санкции** за колективен постапувач, кои се изречени во паричен износ, а кои не може да се намират од имотот на колективниот постапувач.

**Со изборот на колективен постапувач кој не е целосно посветен кон почитување на законите и остварување на потребните резултати се изложувате на голем ризик солидарно да одговарате за неисполнетите обврски.**

[30] Ако по спроведен увид се констатира дека како основачи во колективниот постапувач се јавуваат правни лица што не се производители, Министерството со решение ќе ја одземе дозволата (членот 45 од законот).

Секогаш внимавајте кому ќе му го доверите исполнувањето на обврските. „Пакомак“ д.о.о. Скопје е единствената компанија што од своето основање, 10 години по ред, добива позитивни извештаи од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 2.9 Финансирање на работата на колективните постапувачи

Колективните постапувачи за остварување на вашите обврски за проширена одговорност се должни да обезбедат средства што ќе ги користат за:

- покривање трошоци за собирање, преработка и за рециклирање отпад и за исполнување на националните цели дефинирани во Законот за управување со пакување и отпад од пакување[31];

- трошоци за оперативно функционирање и работење на колективниот постапувач;

- трошоци за јавна комуникација и активности за подигање на свеста;

- трошоци за финансиска и материјална ревизија;

- трошоци за создавање инфраструктура (контејнери, возила, собирни центри и слично);

-трошоци за едукација на вработени.

Законот предвидува **минимум 65 проценти** од средствата да се користат за инвестирање во **инфраструктура, како и за собирање, транспорт, преработка, рециклирање и за отстранување отпадни производи [32].**

---

[31] Членот 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Види подетално во дел 1.10

[32] „Пакомак“ д.о.о. Скопје во изминатите години може да се гордее со направените инвестиции во инфраструктурата, како: 1.039 парчиња пластични игло контејнери од 1,5 м3 за собирање стакло, 243 парчиња жолти метални игло контејнери од 1,5 м3 за собирање ПЕТ-амбалажа и лименки, 58 парчиња сини метални игло контејнери од 1,5 м3 за собирање хартија и композитен отпад од пакување, седум специјализирани TBM возила за собирање отпад од пакување, линија за секундарна селкција на отпад од пакување, повеќе од 1.000 парчиња двојни и тројни сетови канти за внатрешна и надворешна употреба, повеќе од 10.000 картонски кутии за собирање отпад од внатрешен простор, а од 2021 година почна и со поставување т.н. повратни вендинг-машини за собирање отпадна ПЕТ-амбалажа и лименки.

**Најмногу 10 проценти** од вкупно остварениот приход може да се користи за активности за **информирање на јавноста и за подигање на јавната свест** со цел поттикнување на интересот за управување на отпадот [33]. Не се дозволени **трошоци за едукација на вработени поголеми од две просечни плати.**

**„Пакомак" д.о.о. Скопје е непрофитно правно лице. Евентуалната остварена добивка не може да се распореди на основачите на друштвото, туку се користи само за извршување на обврските за управување отпад од пакување.**

Со дефинираната структура на трошоците, оправдано се очекува да сопре ненаменско располагање со средствата кај дел од колективните постапувачи.

Дополнително, за првпат е предвидена обврска колективните постапувачи да обезбедат и финансиска гаранција за исполнувањето на обврските според законот.



## 2.10 Како ги пријавувате количините отпад кај колективниот постапувач?

Колективниот постапувач има обврска да ги постигне како минимум **националните цели за собирање, преработка и за рециклирање за секој посебен вид отпад од пакување** утврдени во Законот за управување со пакување и отпад од пакување34, пропорционално на неговиот удел во вкупното количество производи што се пуштени на пазарот на Република Северна Македонија во годината за која станува збор.

Колективниот постапувач, врз основа на извештаи[35] што се доставуваат од вас и од сопствената евиденција, до Министерството доставува квартален извештај за производите пуштени на пазарот на Република Северна Македонија од договорните производители.

[33] Активностите за информирање и за подигнување на јавната свест не смеат да се користат за рекламни цели и за придобивање дополнителни договорни производители.
[34] Повеќе за националните цели видете во дел 1.10
[35] Повеќе за формата и за начинот на пополнување на месечниот извештај погледнете во дел 1.8

Во интерес на олеснето доставување извештаи за количините отпад од пакување „Пакомак“ д.о.о. создаде **веб-апликација за нивно електронско пополнување**.[36] Апликацијата е исклучително практична и сигурна алатка за користење.

Пополнувањето на извештаите е многу едноставно. Доказ дека извештаите се стигнати и обработени од страна на „Пакомак“ е повратната информација што ја добива подносителот на извештајот. Апликацијата овозможува и едноставен преглед на сите доставени и фактурирани извештаи за одреден изминат период.

Вие како клиент имате можност за увид само во вашите извештаи и податоци. Внесените податоци во извештајот не може да ги менува никој друг, освен одговорното лице кај вас бидејќи само тоа лице ги има корисничкото име и лозинката за пристап до податоците.

## 2.11 Минимални надоместоци, плаќање и последици

**Колективните постапувачи веќе немаат целосна слобода при утврдување на висината на надоместокот.**

Законот предвидува дека надоместокот **не може да биде помал од 30 проценти од висината на надоместокот за тој тек и посебен вид отпад што е утврден со соодветниот пропис**[37].

Усогласувањето треба да се направи **најдоцна до 2026 година.** Дозволено е за 2022 година надоместокот да биде помал од 20 проценти од надоместокот за тој тек, а колективниот постапувач е должен да го зголемува надоместокот најмалку за 2,5 процента секоја година со цел да го оствари минималниот износ најдоцна до 2026 година.

Тоа значи дека надоместокот за еден тон хартија и дрво не може да биде помал од 2.220 денари, односно 2.760 денари за еден тон пластика, метал, композит и стакло, како што е наведено во табелата подолу.

[36] Линкот за пристап е http://pakomak.com.mk/PakomakSite/prijavi_otpad/

[37] Погледнете во дел 1.12.

| | висина на надоместок по ЗУПОП | | минимален надоместок кон колективен постапувач (денари по тон) | минимален надоместок кон колективен постапувач (евра по тон) |
|---|---|---|---|---|
| **хартија** | 7.400,00 ден. | 30 % | 2.220,00 ден. | 36 евра |
| **дрво** | 7.400,00 ден. | 30 % | 2.220,00 ден. | 36 евра |
| **пластика** | 9.200,00 ден. | 30 % | 2.760,00 ден. | 44,8 евра |
| **метал** | 9.200,00 ден. | 30 % | 2.760,00 ден. | 44,8 евра |
| **композит** | 9.200,00 ден. | 30 % | 2.760,00 ден. | 44,8 евра |
| **стакло** | 9.200,00 ден. | 30 % | 2.760,00 ден. | 44,8 евра |

**„Пакомак“ е должен да ја објави висината на надоместокот на веб-страницата (www.pakomak.com.mk) најдоцна до 15 ноември во тековната година за следната година. На овој начин се остава простор за ваше соодветно планирање на трошоците за следната година.**

Обврската за надоместокот достасува во рок не подолг од 60 дена.

**Строго се санкционира недисциплината во плаќањето.** Имено, „Пакомак“ ќе биде **должен по закон да ви го раскине договорот** доколку не сте платиле надоместок за најмалку **шест месеци**.

За раскинувањето на договорот сме должни да објавиме информација на нашата веб-страница **www.pakomak.com.mk** со податоци за вашиот назив и седиште.

Строгоста во новото законско решение се гледа и во тоа што **доколку ви биде раскинат договорот нема да може да склучите договор со друг колективен постапувач во фискалната година и ќе треба до крајот на календарската година да го плаќате надоместокот кон државата, што е во значително повисок износ.**

Притоа треба да имате предвид дека раскинувањето на договорот не е право на избор, туку **законска обврска** на колективниот постапувач, а секое спротивно постапување значи прекршок од прва категорија.[38]

## 2.12 Компаративен преглед на надоместоците на „Пакомак“ д.о.о. Скопје и колективните постапувачи од други земји во Европа

Со цел да ви ја претставиме пошироката слика, изработивме компаративен преглед врз основа на официјалниот надоместоци на колективните постапувачи во 2021 година во повеќе земји во Европа[39]. Цените се изразени во евра / тон според среден курс на националната валута на ден 15.9.2021 година.

Дел од државите имаат покомплициран начин на класифицирање на отпадот од амбалажа според најразлични критериуми, како по боја, волумен на амбалажа и слично, со што значително е отежнато споредувањето на цените (Белгија, Норвешка...).

| вид отпад | „Пакомак“ Македонија | AFVALFONDS VERPAKKINGEN Холандија | ECOPACK Бугарија | OKOPANNON Унгарија |
|---|---|---|---|---|
| **хартија / картон** | 23,4 | 22 | 57 | 54 |
| **пластика** | 29,7 | 600 | 81 | 163 |
| **стакло** | 35,2 | 56 | 31 | 54 |
| **алуминиум** | 29,7 | 50 | 74 | 163 |
| **друг метал** | 29,1 | 80 | 21 | 54 |
| **композитни материјали** | 28,6 | 380 | 99 | 163 |
| **дрво** | 25,7 | 20 | 32 | 54 |

[38] Глоба во максимален износ од 98.000 евра
[39] Compliance Contributions Overview, Extended Producer Responsibility Alliance, 2020

| вид отпад | SLOPAK Словенија | ECO ROM Романија | EKOKOM Чешка | ZALIASIS TASKAS Литванија |
|---|---|---|---|---|
| **хартија / картон** | 17 | 84 | 99 | 99 |
| **пластика** | 185 (PET) | 154 (PET) | 225 | 218 (PET) |
| **стакло** | 19 | 102 | 74 | 117 |
| **алуминиум** | 175 | 152 | 102 | 59 |
| **друг метал** | 219 | 84 | 77 | 59 |
| **композитни материјали** | 249 | 92 | 244 | 176 |
| **дрво** | 39 | 76 | 46 | 78 |

Споредено со колективните постапувачи од Европа, „Пакомак“ има исклучително ниски надоместоци за постапување со отпад од пакување.

## 2.13 Прекршочни санкции

Прекршоците се категоризирани во три категории.
Висината на глобата се движи од 9.000 евра во денарска противвредност до 200.000 евра во денарска противвредност [40].

Погледнете ја детално глава VIII од Законот.
Предвидените прекршочни санкции за производителите, колективните постапувачи и за службените лица се сериозно заострени.
**Погледнете за вашата солидарна одговорност во дел 2.8.**

[40] За разлика од новиот Закон, во одредбите од претходниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување, максималната казна на колективниот постапувач со отпад беше до 30.000 евра во денарска противвредност.

# ПРЕКУ „ПАКОМАК“ ДО ОЗНАКИТЕ „GREEN DOT“ „ECO RESTAURANT“ „ECO CAFE“ И „ ECO ZONE“

## 3. ПРЕКУ „ПАКОМАК“ ДО ОЗНАКИТЕ „GREEN DOT“ „ECO RESTAURANT“ „ECO CAFE“ И „ ECO ZONE“

Во прилог IV од **Директивата 2008/98 од Европскиот парламент и од Советот за отпад и за ставање надвор од сила одредени директиви** [41], насловен како „Примери мерки што спречуваат настанување отпад“, едни од предложените мерки што може да влијаат на фазата на потрошувачка и на употреба се: економски инструменти како што се иницијативи за одговорно однесување на потрошувачите кон околината во смисла на купување производи со што помала амбалажа, организирање кампањи за подигнување на свеста, како и промовирање проверени (контролирани) екоознаки (Ecolabelling) [42]. Екоознаките се доброволни ознаки што укажуваат на влијанието на производите и на услугите врз животната средина. Проценатa на влијанието се темели на анализа на животниот циклус на производите, а за користењето на ознаките е неопходна претходна проверка на исполнетоста на зададените критериуми од независна трета страна.

Во врска ова треба да се нагласи дека ознаката „**Green Dot**“ на пакувањето значи дека за пакувањето е платен соодветен надомест кон овластениот колективен постапувач и се постапува во согласност со начелата дефинирани во Директивата на Европскиот парламент и на Советот за амбалажа и за отпад од амбалажа 94/62 и соодветниот национален закон.

Меѓународната организација Pro Europe во 1995 година доби генерална лиценца за користење на трговската марка на територијата на Европа43.

[41] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32008L0098

[42] Според Меѓународната организација за стандардизација (ISO) и комуникација преку верификувани и точни информации што не предизвикуваат забуна за односот на производите и на услугите кон животната средина, може да се поттикне побарувачката за набавка на производи и на услуги што предизвикуваат помало оптоварување на околината и на тој начин да се стимулираат пазарни односи што водат кон подобра заштита на животната средина.

[43] Трговската марка е регистрирана од страна на носителот “Der Grüne Punkt – Duales System Deutschland GmbH” (DSD) во 1990 година.

Во Република Северна Македонија ознаката на пакувањето „**GREEN DOT**“ може да ја користите **само доколку сте клиент на „Пакомак“ д.о.о. Скопје, членка на Pro Europe од 20 мај 2011 година**[44].
Доколку сте клиент на „Пакомак“ д.о.о. употребата на ознаката на територијата на државата е **бесплатна**[45]. За сите други субјекти истакнувањето на ознаката на амбалажата не е дозволено.

Пионерските чекори во насока на примена на примерите од Директивата „Пакомак“ д.о.о. ги направи преку означувањето на хотелите, ресторантите и на кафулињата со сертификатни трговски марки „екокафе“, „екоресторан“ и „екозона“. Услов за здобивање на правото за користење на овие сертификатни трговски марки е субјектот да се занимава со угостителска дејност (ресторан, кафетерија и слично), од работењето да генерира отпад од пакување и тоа од неповратна стаклена амбалажа и / или пластична (PET) амбалажа, како и да има склучено договор за соработка со „Пакомак“ д.о.о. Скопје како колективен постапувач со отпад од пакување и во целост да се придржува кон договорените услови за соработка и кон законските и подзаконските акти што се однесуваат на постапувањето со отпад од пакување.

Сертификатните трговски марки на Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ д.о.о. Скопје, „Пакомак екоресторан“ (**Pakomak Eco restaurant**), „Пакомак екозона“ (**Pakomak Eco zone**) и „Пакомак екокафе“ (**Pakomak Eco cafe**) се доказ дека за сертификатните трговски трговски марки може да има голем интерес од синџирот на хотелската и на угостителската дејност во нашата држава.

[44] https://www.pro-e.org/proe-members
[45] Повеќе за начинот и за условите на користење на ознаката погледнете на https://www.pro-e.org/files/Guidelines-for-on-pack-usage-of-the-trademark.pdf

Така, во 2018 година корисници биле 607 ресторани, хотели и кафетерии, во 2019 година нивниот број се зголемил на 1.019 корисници, додека, пак, заклучно со 31.12.2020 година нивниот број изнесува 1.080 корисници [46] Објектите се означени со трговските марки, кои за кратко време станаа препознатливи.

[46] Интересно е сознанието од направената **анкета од „Пакомак“ во 2019 година** дека за **58 проценти** од потрошувачите селектирањето на отпадот позитивни влијае при изборот на место за забава. Според тоа, фактот што некои хотели, кафулиња и ресторани селектираат отпад што се генерира при нивното работење може да се искористи и маркетиншки за задржување и за зголемување на клиентелата.

# „ПАКОМАК“ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА PRO EUROPE И EXPRA

„Пакомак“ е рамноправен член на двете најголеми европски организации кои ги обединуваат сите колективни постапувачи од Европа, но и од светот. Само по една организација од секоја земја може да членува во овие организации. Членството во овие организации дава големи продобивки во однос на размена на искуства и практика за успешно менаџирање на отпадот од пакување.

PRO Europe
Packaging Recovery Organisation Europe

Expra

Наслов на публикацијата

**Водич за практична примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад**

Автори

**д-р Александар Матески**

**д-р Емилија Ѓорѓиоска**

**д-р Елена Бундалеска**

Издавач

**Друштво за управување со пакување и отпад од пакување**

**„Пакомак“ д.о.о. Скопје**

бул. „Партизански одреди“, Порта Влае блок 4, 1000 Скопје

www.pakomak.com.mk

Октомври, 2021

Лектор

Анета Василевска Љубецкиј

тираж

1200 примероци

Бесплатен / некомерцијален тираж

Печати : Печатница Серафимовски

Адреса: Лисец бб, Скопје

Телефон 1: 02/2744982

Телефон 2: 070/349187

Е-маил: serafimovskipress@gmail.com

Web: www.pecatnicaserafimovski.com

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

628.4.034:005.936.5(497.7)(036)

МАТЕСКИ, Александар

Водич за практична примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад /[автори Александар Матески, Емилија Ѓорѓиоска]. - Скопје : Пакомак, 2021. - 50 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-66748-0-9

1. Ѓорѓиоска, Емилија [автор]
а) Отпад од пакување -- Управување -- Македонија -- Водичи

COBISS.MK-ID55091973

Сите права се задржани и се во сопственост на Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ д.о.о. Скопје. Строго се забранува копирање, дистрибуирање, издавање, менување на текстот или користење на содржината на водичот за било која друга иста или слична цел од страна на некој друг без согласност од Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ д.о.о. Скопје. Ниту еден дел од овој водич не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички.